KNOWLEDGE – International Journal
Vol.34.5
September, 2019

# LEFT REALISM CRIMINOLOGY: BASIS AND PERSPECTIVES

**Vesna Stefanovska**
Faculty of security – Skopje, Macedonija, vstefanovska77@gmail.com

**Abstract.** Left realism emerges in the early 1980s as a separate department, or direction within the neo-Marxist critical criminology. It results from dissatisfaction and certain criticisms of the foundations on which critical criminology is built, which left realists call left idealism. Namely, they are called realists because, in their view, crime should be considered in its reality, and the causes that led to criminal behavior should be seriously looked at, which means that leftist realists focus on already experienced realities. Hence, the issues of interest to left realists are the problems faced by certain groups regarding their age, class, sex, race and place of residence. They have some similarities with structural subcultural theories, arguing that crime is a form of subcultural adaptation to lived problems and realities. The basis is that due to material constraints and circumstances, the required cultural goals and aspirations cannot be achieved by legally disposable means. The central postulate of left realism is to reflect the reality of crime, in its origin, nature and influence. This means that crime cannot be romanticized or it cannot be explained as a product of the offender's pathology or other personal characteristics. Real problems related to the crime need to be considered and resolved. In this respect, the issues of left realism are the problems that citizens face, the relationship between the victim and the perpetrator, the geographical distribution of crime, as well as the prevalence of crime in certain social areas and sectors of the community. They are particularly concerned about ignoring the crime that is taking place on the streets by truly disadvantaged and marginalized citizens, as well as the crime that takes place behind closed doors, particularly in the family. So, the perspectives of the left realists are that street crime is a serious problem for the working class, working class crime is primarily committed against other working class members, relative poverty feeds the dissatisfaction and that dissatisfaction, in the absence of political solutions creates crime, and crime can be reduced by implementing practical social policies.
On the basis of what has been stated, in this paper we will elaborate the critiques of critical criminology stated by the proponents of Left Realism , a Square of crime that offers appropriate solutions for criminal and social response to crime and perspectives of left realism that predominantly rely on community-based policies.
**Keywords.** Left realism, critical criminology, relative deprivation, square of crime.

# ЛЕВ РЕАЛИЗАМ: ОСНОВИ И ПЕРСПЕКТИВИ

**Весна Стефановска**
Факултет за безбедност – Скопје, Македонија, vstefanovska77@gmail.com

**Апстракт.** Левиот реализам се јавува во раните 80 - ти години како посебно одделение, односно правец во рамките на неомарксистичката критичка криминологија. Тој произлегува како резултат на незадоволството и на одредени критики на основите врз кои се гради критичката криминологија, која левите реалисти ја нарекуваат лев идеализам. Имено, тие се нарекуваат реалисти бидејќи, според нив, криминалот треба да се разгледува во неговата реалност, сериозно и да се бараат причините кои довеле до криминално однесување, што значи дека левите реалисти се фокусираат на доживеани искуствени реалности. Оттука, предмет на интерес на левите реалисти се проблемите со кои се соочуваат одредени групи во врска со нивната возраст, класа, пол, раса и со местото на живеење. Тие имаат одредени сличности со структурните субкултурни теории, аргументирајќи дека криминалот е форма на субкултурна адаптација на доживеаните проблеми и реалности. Основата е дека поради материјалните ограничувања и околности, не можат да се реализираат бараните културни цели и аспирации на легален и дозволен начин. Централен постулат на левиот реализам е да се рефлектира реалноста на криминалот, во неговото потекло, природа и влијание. Тоа значи дека криминалот не може да се романтизира или да се каже дека е плод на патолошка состојба на сторителот. Треба да се разгледуваат и решаваат реалните проблеми поврзани со него. Во таа насока, предмет на интерес на левиот реализам се проблемите со кои граѓаните се соочуваат, односот меѓу жртвата и сторителот, географската дистрибуција на криминалот, како и застапеноста на криминалот во поедини социјални области и сектори во заедницата. Тие посебно се загрижени за игнорирањето на криминалот кој се случува на улиците од страна на вистински обесправените и маргинализирани граѓани, како и на оној криминал кој се случува зад *затворени врати* во семејството. Значи, перспективите на левите реалисти се дека уличниот

криминал е сериозен проблем за работничката класа, криминалот на работничката класа е примарно извршен против други членови од работничката класа, релативната сиромаштија го храни незадоволството и тоа незадоволство кај граѓаните во отсуство на политички решенија создава криминал и криминалот може да се намали преку спроведување практични социјални политики.
Врз основа на наведеното во рамките на трудот посебно ќе бидат обработени критиките на критичката криминологија врз основа на кои се гради левиот реализам, т.н. квадрат на криминалот кој нуди соодветени решени за казненоправен и општествен одговор на криминалот и перспективите на левиот реализам кои доминантно се потпираат на политики базирани на заедницата.
**Клучни зборови.** Лев реализам, критичка криминологија, релативна депривација, квадрат на криминал.

## 1.ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Левиот реализам се јавува во раните 80 - ти години како посебно одделение, односно правец во рамките на неомарксистичката критичка криминологија. Тој произлегува како резултат на незадоволството и на одредени критики на основите врз кои се гради критичката криминологија, која левите реалисти ја нарекуваат лев идеализам. Имено, тие се нарекуваат реалисти бидејќи, според нив, криминалот треба да се разгледува во неговата реалност, сериозно и да се бараат причините кои довеле до криминално однесување, што значи дека левите реалисти се фокусираат на доживеани искуствени реалности.

## 2. КРИТИКА НА КРИТИЧКАТА КРИМИНОЛОГИЈА

Левиот реализам има низа забелешки и критики на повеќе постулати и тези врз кои се базира дел од критичкатата криминологија (именувана како лев идеализам).
Прво, таа се критикува за парцијално објаснување на криминалот, односно за ставање преголем акцент на криминалот на моќта и на злоупотреба на власта, а за запоставување на другите облици на криминал, посебно на уличниот и на криминалот извршен од и меѓу лицата од пониските општествени слоеви (Young, 2002: 46). Оттука, критичката криминологија се критикува дека не успеа да ја препознае вистинската штета предизвикана од конвенционалниот криминал и поради тоа не го разгледува криминалот со сериозно внимание. Во прилог на тоа, исто така, се аргументира дека се концентрира повеќе на процесот на криминализација, наместо на актуелните сторители и, со тоа, го игнорира причинското објаснување за криминалот. Значи, радикалните криминолози ставаат акцент на кривичните дела извршени од моќните и нивното влијание врз сиромашната и работничка класа, што значи дека парцијално го објаснуваат криминалот.
Уште повеќе. Тие го романтизираат криминалот на работничката класа, па дури и одредени дела поврзани со дрога (Walklate, 2007: 60, Tierney, 2006: 284). Со тоа, уличниот сторител често го гледаат како модерен *Робин Худ*, чија девиза е „да се земе од богатите, и да се даде на сиромашните“ (take from the rich and give to the poor”) или сторителите ги гледаат како лидери на работнички и на други социјални револуционерни движења. На тој начин, се дава пристрасен и субјективен поглед на сторителите како бунтовници. Но, според левите реалисти таа романтизација и релативизација е наивна и нереална (Brown E. Stephen, Esbense Finn-AAge & Geis, 2013: 392). Тие аргументираат дека уличниот криминал е вистински, а не измислен и создаден од моралната паника којашто се шири преку медиумите. Поради тоа, политиките за контрола на криминалот треба да го адресираат не само криминалот на богатите и на моќните, туку и криминалот извршен од и против сиромашната и пониската работничка класа.
Второ, критичката криминологија, односно левиот идеализам ги игнорира вистинските проблеми со кои се соочуваат граѓаните од посиромашните работнички соседства, каде стравот од криминал е рационален, а не предизвикан од страна на медиумите.
Во однос на политиката за контрола на криминалот, левите идеалисти, исто така се критикуваат дека премногу се одалечуваат од практичните политики насочени кон редуцирање на криминалната виктимизација и кон подобрување на казненоправниот систем. Тоа е така, бидејќи според нив, казненоправниот систем, односно полицијата, судовите и затворскиот персонал работат во интерес на моќните и затоа реформите на казненопоправниот систем претставуваат само продолжување на постојниот капиталистички систем. Во таа насока, тие одбиваат реформи или други обиди да се работи конструктивно со дел од казненоправниот систем, како на пример, со полицијата. Воедно, се залагаат за аболиционизам, за укинување на затворскиот систем, за примена на ненасилни средства и мерки, како и за општествена трансформација на општеството како предуслов за создавање правда (Tierney, 2006: 284). Но, тоа според левите реалисти е утопија, бидејќи со укинувањето на затворскиот систем и со општествената трансформација не се допираат и решаваат практичните проблеми на контролата на криминалот. Покрај

наведеното, левите идеалисти се критикувани за нивното одбивање да развијат антикриминални политики базирани на мобилизација на локалните заедници за да работат во соработка со локалните власти, полицијата и со другите значајни организации. Со други зборови, критичката криминологија (левиот идеализам) не успева да ја разбере комплексноста на заедниците и не нуди ефикасна алтернатива на претходното традиционално објаснување за криминалот. Главната причина за тоа е што не се разгледува длабочината на штетните последици што криминалот ги остава врз индивидуите и врз општеството. На крај, левите идеалисти се критикувани и поради тоа што однесувањата и вредносниот систем на граѓаните примарно се разгледуваат како производ на доминантните општествени вредности и предрасуди и на други надворешни влијанија како што се мас медиумите.

Имајќи го предвид наведеното, двете струи во рамките на криминологијата се критикувани. Позитивистичката криминологија бидејќи премногу се фокусира на причините и ја игнорира општествената и политичка конструкција на криминалот, додека критичката криминологија бидејќи премногу се фокусира на таа конструкција, а го игнорира вистинскиот проблем на криминалот во едно општество. Од тоа незадоволство се раѓа левиот реализам (Tierney, 2009: 102).

## 3. ОСНОВАТА НА ЛЕВИОТ РЕАЛИЗАМ

Левиот реализам се појавил во средината на 1980 - тите години во Велика Британија, дефиниран од страна на британците John Young  (1942 – 2013), John Lea и Roger Matthews. Тој се фокусирал на реалноста на кривичното дело, на жртвата од работничката класа и на потребата за развој на социјални алтернативни решенија и превентивни политики, наспроти конзервативната примена на политиката за „закон и ред“ (Tierney, 2006: 284). Оттука, предмет на интерес на левите реалисти се проблемите со кои се соочуваат одредени групи во врска со нивната возраст, класа, пол, раса и со местото на живеење. Тие имаат одредени сличности со структурните субкултурни теории, аргументирајќи дека криминалот е форма на субкултурна адаптација на доживеаните проблеми и реалности. Основата е дека поради материјалните ограничувања и околности, не можат да се реализираат бараните културни цели и аспирации на легален и дозволен начин.

Централен постулат на левиот реализам е да се рефлектира реалноста на криминалот, во неговото потекло, природа и влијание. Тоа значи дека криминалот не може да се романтизира или да се каже дека е плод на патолошка состојба на сторителот. Треба да се разгледуваат и решаваат реалните проблеми поврзани со него. Во таа насока, предмет на интерес на левиот реализам се проблемите со кои граѓаните се соочуваат, односот меѓу жртвата и сторителот, географската дистрибуција на криминалот, како и застапеноста на криминалот во поедини социјални области и сектори во заедницата. Тие посебно се загрижени за игнорирањето на криминалот кој се случува на улиците од страна на вистински обесправените и маргинализирани граѓани, како и на оној криминал кој се случува зад *затворени врати* во семејството од страна на насилните мажи. Нивното игнорање од страна на критичката криминологија, односно од страна на левите идеалисти, придонесува да доминира десната хегемонска контрола врз знаењето за криминалот и полициското работење. Затоа, според левиот реализам не треба да се игнорира ниту семејното насилство, ниту насилството кое се случува во сиромашните, економски и маргинализирани заедници од страна и против самите граѓани, кои, според нив, бил повеќе внатрешен проблем меѓу самите општествени класи, кои живееле во тие области. Значи, покрај криминалот кој се врши од страна на работничкото, сиромашно население, левите реалисти ја анализираат и самата виктимизација меѓу тоа население. Притоа, тие се повикуваат на актуелните материјални услови и околности кои реално се доживуваат од страна на граѓаните. Таа сиромаштија, чиј корен лежи во патријархалното капиталистичко општество, се смета за неправда и предизвикува незадоволство и несогласување. Оттука, еден од приоритетите на левиот реализам е да се изгради точна слика на криминалниот проблем, посебно за работничките соседства и да се објасни. Но, според него постојат различни перцепции за криминалот: од страна на сторителот, од страна на жртвата, од страна на неформалниот систем и од страна на формалниот систем. Тие се четирите елементи кои го сочинуваат т.н. квадрат на криминалот.

***Квадрат на криминалот и социјалните односи на контролата на криминалот***

Левите реалисти сметаат дека криминалното однесување има повеќе составни делови: причини, ситуациони околности во кои се извршува криминалот, негово откривање, негова просторна димензија и реакција на казненоправниот систем, како спрема сторителот, така и спрема жртвата. Врз основа на наведените елементи, левите реалисти создаваат **квадрат на криминалот** кој се фокусира истовремено на (1) заедницата (односно граѓаните), (2) државата (односно формалниот казненоправен систем), (3) жртвата и (4) сторителот, како две страни на кривичното дело. Според нив, стапките на криминал се генерирани од меѓувлијанието на тие четири фактори (DeKeseredy S. Walter, 2011: 41). На пример, односот меѓу полицијата

и јавноста (граѓаните) ја детерминира ефикасноста на полицијата, односот меѓу жртвата и сторителот го детерминира влијанието врз криминалот, односот меѓу државата и сторителот е главен фактор за рецидивизам и слично. Исто така, односот меѓу четирите точки на квадратот (сторител, жртва, државни агенции и јавност) варира меѓу различни видови криминал. Значи, квадратот на криминалот, ни кажува дека стапката на криминал е предизвикана од повеќеслоен етиолошки процес. Тоа значи дека врз криминалот влијаат:

(1) факторите поврзани со сторителот, кои се дел од традиционалниот фокус на криминологијата,

(2) факторите кои ја прават жртвата ранлива,

(3) општествените услови кои влијаат врз контролата и толеранцијата на криминалот од страна на поширокатa заедница и

(4) улогата на формалниот систем во контрола на криминалот.

Од наведеното произлегува дека криминалот треба да се објасни, имајќи ги предвид двата аспекти: како промените во дејствувањето на казненоправниот систем, така и промените во однесувањето на граѓаните. На пример, за да се објасни зголемувањето на насилничкиот криминал, треба да се имаат предвид како промените во насилното однесување на граѓаните, така и промените во сензитивноста и толеранцијата на самото насилство од страна на граѓаните. Во тој контекст, левиот реализам ја истакнува важноста на интеракцијата и на меѓусебното дејствување помеѓу активностите на (1) казненоправниот систем, (2) поширокатa заедница и јавноста, (3) жртвата и (4) сторителот. Оттука шроизлегува дека како што криминалот треба да се разгледува од наведените аспекти, така и решенијата против него треба да се бараат во рамките на тие точки на квадратот. Тоа би значело заедничка соработка меѓу формалниот и неформалниот систем и нивно влијание не само врз сторителите, туку и врз жртвата на кривичното дело (Young, 2002: 43).

***За концептот на релативна депривација и криминалот***

Според левите реалисти, основата на криминалното однесување лежи во релативната депривација предизвикана од последиците на доцниот модернизам. Тој се карактеризира со потрошувачка и индивидуализам кои се инкорпорирани во вредносниот систем на граѓаните како резултат на капитализмот. Тоа води до состојба на релативна депривација кај граѓаните, која не претставува објективна состојба базирана на недостаток на пари и материјални добра како такви, туку субјективна состојба, односно индивидуално чувство на граѓаните. Таа се јавува поради тоа што граѓаните не можат да стекнат одреден материјален статус кој се очекува од нив. Всушност, незадоволството ја поттикнува и зголемува склоноста и желбата за материјални добра и неможноста тие да се остварат се доживува како неправда. Затоа, релативната депривација се смета за клучен причински фактор со кој се објаснува зголемената стапка на криминал во доцниот модернизам (Young, 2002: 47, Walklate, 2007: 61). Но, за левите реалисти, со помош на релативната депривација не се објаснува само криминалот извршен од страна на невработените и сиромашните граѓани, односно не се ограничува само кај ниската работничка класа бидејќи релативната депривација може да се појави и меѓу поширокатa општествена структура. Оттука, таа состојба како искусена (или доживеана) неправда и незадоволство, особено поради немањето политичка волја и решение да се решат проблемите на материјалалната нееднаквост во доцниот капитализам претставува корен - причина за криминалот. Тоа значи дека незадоволството и недостатокот на политичко решение води кон криминал. Покрај тоа, индивидуализмот, потрошувачката и релативната депривација како последици на капиталистичкиот систем водат и до зголемена сензитивност на луѓето за криминалот, и со тоа го зголемува и стравот од него. Таквата сензитивност и страв ги „полни“ виктимолошките анкети со податоци за чувствтото на страв и небезбедност. Значи, порано луѓето имале повисок праг на толеранција во врска со одредени видови на виктимизација, а сега, поради зголемената сензитивност кон криминалот, тој праг на толеранција се намалува. Затоа се вели дека поради недостатокот на толеранција се зголемуваат пријавите за виктимизација во рамките на виктимолошките истражувања.

## 4. ПОЛИТИКИ НА ЛЕВИОТ РЕАЛИЗАМ

Левите реалисти се фокусираат на штетата направена од криминалот на моќните, од уличниот криминал и на репресивните полициски тактики, на женската злоупотреба во интимните односи и слично. Ставаат акцент на областите каде има високо ниво на сиромаштија и невработеност, а кои претставуваат плодна почва за насилство и за развој на девијантни субкултури. Значи, перспективите на левите реалисти (Brown E. Stephen, Esbense Finn-AAge & Geis, 2013: 392) се дека:

- уличниот криминал е сериозен проблем за работничката класа,
- криминалот на работничката класа е примарно извршен против други членови од работничката класа,

- релативната сиромаштија го храни незадоволството и тоа незадоволство кај граѓаните во отсуство на политички решенија создава криминал и
- криминалот може да се намали преку спроведување практични социјални политики.

Овие претпоставки ги идентификуваат сиромашните граѓани и работничката класа како најподобни да бидат виктимизирани, не само поради политиките на богатите и моќните, туку и поради однесувањето на самите граѓани кои се дел од тие соседства. Затоа, контролата на криминал мора да ја рефлектира самата природа на криминалот, а тоа значи да го разгледува криминалот таму каде што се случува (Brown E. Stephen, Esbense Finn-AAge & Geis, 2013: 392). Во тој дел, левите реалисти, предлагаат алтернативи на конзервативните политики за контрола на криминалот. На пример, со цел да се намали понатамошната маргинализација на затворениците, тие предлагаат поширока употреба на програми базирани на заедницата, надомест на штета на жртвата и слични програми за намалување на затвореничката популација. Притоа, одговорот треба да се однесува на сите четири точки од квадратот на криминал, односно на формалната и на неформалната социјална контрола, како за сторителот, така и за жртвата.

Во однос на улогата на казненоправниот систем, иако се согласуваат дека тој може да врши понатамошна криминализација и виктимизација, сепак се залагаат тој процес да биде демократизиран. Во таа насока, се предлага мултиагенциска интервенција, односно координиран одговор на повеќе субјекти од заедницата кои можат да бидат дел од општествениот одговор на криминалот. Според нив, само преку мултиагенциска интервенција криминалот може да се адресира, а, добрата соработка со јавноста се гледа како еден од елементите на таа интервенција. Покрај тоа, треба да се посвети должно внимание и на стравот од криминал присутен кај граѓаните и на нивното искуство како жртви. Затоа, нивните потреби и приоритети поврзани со начинот на кој формалниот систем треба да се справува со криминалот треба да се земат предвид.

***Односот на левиот реализам кон соработката меѓу полицијата и заедницата***

Во однос на политиките за справување со криминалот, левите реалисти ставаат посебен акцент на соработката меѓу полицијата и заедницата, а најважен елемент на таа врска е протокот на информации. Според нив, односот меѓу полицијата и заедницата треба да се заснова на меѓусебна соработка, но граѓаните би стекнала доверба кон својата полиција, доколку таа би се фокусирала на кривичните дела за кои тие изразиле загриженост и страв. Затоа, за левиот реализам полицијата (и слични агенции) мора да биде дел од заедницата и ориентирана кон нејзините вистински потреби и приоритети поврзани со криминалот. Тоа значи дека не треба да се наметнуваат и поставуваат други цели од страна на централната власт (Lea, 2010).

Во поглед на политиката за засилување на капацитетите на заедницата, акцентот е ставен на охрабрување на жртвите, на жените, на малцинските и другите маргинализирани и ранливи категории граѓани да ги изразат своите потреби и проблеми во локалните заедници кадешто живеат. Целта на таквата политика е да се слушне гласот на различните групи во општеството кои се соочуваат со слични проблеми и имаат слични потреби. Во тој контекст, левите реалисти предлагаат политики базирани на локални партнерства и соработка, на засилување на капацитетите на заедниците да се справат со криминалот, на примена на ресторативни практики за мирно решавање на конфликтите и кривичните спорови итн. Според нив, само на тој начин може  да се подобрат сиромашните соседства, односно оние делови од заедницата кои се соочуваат со сиромаштија, неред, дезорганизација и други проблеми поврзани со криминалот и со одредени социопатолошки појави (Lea, 2010).

Имајќи го предвид претходно наведеното, особено елементите на квадратот на криминал, реалноста на криминалот и причините поврзани со релативната депривација, левиот реализам посебно се залага за примена на превентивни социјални и развојни политики базирани на заедницата. Притоа, посебен нагласок е ставен на: зголемена примена на алтернативни кривични санкции, развој на програми за рехабилитација за млади сторители, програми базирани на заедницата, програми за поддршка на семејствата, мерки за рана едукација и грижа за ранливите категории граѓани, развој и примена на мирно решавање спорови во заедницата, обука и работа за млади и други социјални политики.

**ЛИТЕРАТУРА**

Brown, D. (2017). Left Realist Criminology, The Palgrave Handbook of Australian and New Lealand criminology, crime and justice (Deckert and Sarre, eds.), Palgrave macmillan, 571 - 586

Brown E. Stephen, Esbense Finn-AAge & Geis, G. (2013) *Criminology explaining Crime and Its Context* (eight edition), Elsevier.

DeKeseredy S. Walter (2011). *Contemporary Critical Criminology*, Routledge,

DeKeseredy S. Walter (2016). "Contemporary Issues in Left Realism", *International Journal for Crime, Justice and Social Democracy* 5 (3), 12 – 26.

Lea, J. (2010). “Left Realism, Community and State-Building”, *Crime, Law and Social Change 54, 2 (2010)*, 141 – 158.

Matthews, R. (2014). *Realist Criminology*, Pagrave Macmillan.

Newburn, T. (2017). *Criminology* (third edd), Routledge.

Tierney, J. (2006) *Criminology theory and context* (second edition), Rearson Education,

Tierney, J. (2009) *Key Perspectives in Criminology*, Open University Press.

Walklate, S. (2007) *Understanding Criminology, current theoretical debates* (third edition), Open University Press.

Young, J. (2002) „Ten points of Realism“, in *Criminology a reader* (eds. Jewkes, Y & Letherby, G.), SAGE Publications, 42-55.